Бр. 02-362/4
28.2.2024 година
Скопје

Врз основа на член 19, став (2), точка 12 и член 40 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021), член 7, став 1, точка 3, член 30, став 2, точка 19 и член 157, став 1, точка 8 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019), Универзитетскиот сенат на 7. седница одржана на 28.2.2024 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за обезбедување на квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

*Предмет на уредување*

### Член 1

Со Правилникот за обезбедување на квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, (во понатамошниот текст: Правилникот), се уредуваат стандардите и постапката на обезбедување на систем на квалитет во работењето на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во понатамошниот текст: Универзитетот) како и составот, изборот и надлежноста на телата надлежни за обезбедување на квалитетот на Универзитетот и единиците во неговиот состав.

### Член 2

Системот за обезбедување на квалитет е воспоставување на стандарди, постапки и методи со цел за развој и унапредување на квалитетот и постигнување на највисоките нивоа на образовната, научноистражувачка, уметничка и применувачка, односно апликативна дејност како и во стручните и административните активности на Универзитетот.

### Член 3

Системот за обезбедување на квалитет на Универзитетот се темели на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021), Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 153/2022), Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) како и стандардите и постапките на Водичот (насоките) кои се применуваат од Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование, овој Правилник и другите општи акти на Универзитетот.

*Одговорни лица, органи и тела за обезбедување квалитет*

### Член 4

Универзитетот и единиците со нивните органите, стручните и советодавните тела на Универзитетот и единиците наставниот и ненаставен кадар се одговорни за обезбедување на квалитетот согласно со нивната надлежност и работни обврски.

Во обезбедувањето на квалитетот се вклучуваат студентите и надворешни чинители – правни и физички лица поврзани или вклучени во активностите на Универзитетот (други образовни институции, стопанството, јавната администрација, невладиниот сектор, алумни и др.).

## II. СИСТЕМ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ

*Стандарди*

**Член 5**

Системот за обезбедување на квалитетот во работењето на Универзитетот и единиците се остварува преку континуирано следење на исполнетоста на следниве стандарди пропишани во Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација:

1. Институционални политики за обезбедување квалитет;
2. Креирање, одобрување и следење на студиските програми;
3. Учење, настава и вреднување насочено кон студентот;
4. Запишување и напредување на студентите, дипломи и сертификати;
5. Наставен кадар;
6. Ресурси за учење и поддршка на студентите;
7. Управување со информации;
8. Информирање на јавноста;
9. Меѓународна соработка и интернационализација.

*Постапки*

**Член 6**

Системот за обезбедување на квалитет овозможува континуирано следење на процесите и препораките за унапредување на квалитетот во работата на Универзитетот и единиците, следење на резултатите од активностите поврзани со спроведување на политиките за обезбедување на квалитет и воспоставување механизми за подобрување на работењето на Универзитетот и неговите единици.

**Член 7**

Основните постапки за обезбедување на квалитетот опфаќаат:

- дефинирање на мисија и стратегија за обезбедување на квалитет;
- утврдување на мерливи цели во рамките на дефинираната мисија и стратегија;
- спроведување на процес за остварување на мисијата и стратегијата за обезбедување квалитет;
- мерење и анализа на остварените постигнувања во однос на поставените цели на стратегијата;
- преземање активности за подобрување и
- дефинирање на нови цели во однос на претходните кои ќе придонесат за подобрување.

**Член 8**

Обезбедувањето на квалитетот во работата на Универзитетот и единиците се остварува преку:

- развивање и унапредување на квалитетот во работата на сите дејности на Универзитетот и единиците, во согласност со потребите на пазарот на трудот и други засегнати чинители во високото образование;
- промовирање и поддржување на квалитетот во високото образование и континуирано усогласување со законските норми;
- препознавање на интересот на општеството за квалитетно високото образование и соработка со сите единици на Универзитетот за негово обезбедување.

**Член 9**

Основните цели на обезбедувањето на квалитетот во работата на Универзитетот и единиците, се:

- зачувување на интересот на Универзитетот и општеството за развој и одржување на квалитетот и стандардите на високото образование;
- подобрување на меѓународното рангирање на Универзитетот;
- унапредување на квалитетот на образованието и вештините кои ги стекнуваат студентите;
- зголемување на можностите за меѓународна мобилност и соработка на наставниот и ненаставниот кадар и студентите;
- подобрување на процесите на управување на универзитетско ниво и соработката помеѓу единиците;
- обезбедување транспарентност, спречување на корупцијата и судирот на интереси во работата на Универзитетот и единиците;
- информирање и образување на студентите, наставниот и ненаставниот кадар и сите заинтересирани страни за важноста и потребата од континуиран развој и одржување на квалитетот.

**Член 10**

За активностите, мерките и резултатите во обезбедување на квалитетот на Универзитетот редовно ја информира пошироката јавност.

*Тела за обезбедување на квалитет на Универзитетот*

**Член 11**

Надлежни тела за реализација на системот за обезбедување на квалитет на Универзитетот се:

- Центар за квалитет (во понатамошниот текст: Центарот) и
- Совет за квалитет на единицата.

Телата од став 1 на овој член меѓусебно соработуваат во постапките за обезбедување квалитет во сите активности на Универзитетот.

*Центар за квалитет*

**Член 12**

Центарот за квалитет на Универзитетот е внатрешна организациона единица на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, без својство на правно лице.

Во Центарот за квалитет функционира:

- Совет за квалитет, и
- Комисија за самоевалуација.

Со Центарот за квалитет раководи раководител.

**Член 13**

Центарот ги планира, следи, анализира и раководи со активностите за обезбедување на квалитетот на образовната, научноистражувачка, уметничка и применувачка, односно апликативна дејност на Универзитетот.

*Раководител на Центарот*

**Член 14**

Раководителот на Центарот за квалитет се именува од страна на ректорот на Универзитетот, од редот на редовните професори на Универзитетот кои имаат повеќегодишно искуство во обезбедувањето на квалитет во високото образование.

Мандатот на раководителот трае три години со право на повторен избор.

На раководителот на Центарот за квалитет му следува надоместок согласно актите на Универзитетот.

*Надлежност на Раководителот на Центарот*

**Член 15**

Раководителот на Центарот за квалитет:

- ја координира работата на Советот за квалитет и Комисија за самоевалуација;
- подготвува годишен календар на активности;
- организира/дава иницијатива за обуки за стекнување на нови знаења и практични вештини потребни за работа, раководење, управување и организациско однесување во системот на квалитет на универзитетот;
- дава поддршка во процесот на самоевалуација и надворешна евалуација на единиците;
- ги следи современите трендови за обезбедување на квалитет на универзитетите во Европската Унија и укажува на нив;
- учествува во работата на Советот за квалитет;
- поттикнува дискусии за квалитетот на високото образование;
- ја промовира културата на квалитет во Универзитетот и јавноста;
- координира иницијативи и активности за континуирано унапредување на квалитетот;
- подготвува Годишен извештај за работата и го доставува до Ректорот и
- се грижи за спроведувањето на овој Правилник.

Раководителот на Центарот во вршењето на работите од негова надлежност соработува и се координира со органите и телата надлежни за обезбедување квалитет на Универзитетот и единиците.

*Совет за квалитет*

**Член 16**

Во рамките на Центарот за квалитет се формира Совет за квалитет (во понатамошниот текст: Советот) како стручно советодавно тело за обезбедување на квалитет на Универзитетот.

Советот за квалитет е составен од девет члена, шест наставници на Универзитетот, еден студент, еден претставник на стопанството и еден претставник на алумни заедницата.

Членовите на Советот ги именува и разрешува Ректорот на Универзитетот, освен членот од редот на студентите кој го именува и разрешува Универзитетското студентско собрание.

Во работата на Советот учествува и раководителот на Центарот за квалитет.

При именувањето, Ректорот води сметка за соодветната застапеност на наставници од различни научни подрачја.

За член на Советот од редот на наставниците може да биде именуван наставник на Универзитетот кој има претходно искуство во спроведување на евалуација или акредитација на универзитети во земјата или странство и самоевалуација на единицата.

Членовите на Советот не можат да бидат лица избрани за ректор, проректор или претседател на Сенатот, декан или продекан на факултет, директор на научен институт кој изведува високообразовна дејност, член на Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност, член на Одборот за акредитација или член на Одборот за евалуација.

Мандатот на членовите на Советот трае три години со право на повторен избор, освен за членот избран од редот на студентите, на кого мандатот му трае две години.

Членовите на Советот избираат претседател на Советот од редот на наставниците со мандат од три години со право на повторен избор.

За работата на претседателот и членовите на Советот им следува соодветен надоместок, согласно со актите на Универзитетот.

*Надлежност на Советот*

**Член 17**

Советот за квалитет :

- изготвува и му предлага на Сенатот на Универзитетот донесување на Стратегија за обезбедување на квалитет и ја следи нејзината имплементација;

- му предлага на Сенатот донесување на Акциски план за обезбедување на квалитет на Универзитетот, насоки за негово спроведување, дополнителни индикатори за квалитет и план за следење на реализацијата и континуирано унапредување;
- му предлага на Сенатот Годишен план на активности за обезбедување на квалитет и подготвува Годишен извештај за неговата реализација на ниво на Универзитетот;
- ги разгледува и анализира резултатите и препораките од Извештајот на Комисијата за самоевалуација;
- дава мислење за Годишните акциски планови на единиците и Годишните извештаи за реализација на акцискиот план;
- предлага конкретни мерки за отстранување на слабостите и унапредување на квалитетот на дејноста до Сенатот на Универзитетот и ја следи нивната реализација;
- подготвува предлози за подобрување на стандардите, индикаторите и процедурите утврдени од Националниот совет за високо образование;
- донесува Деловник за својата работа и
- врши други работи утврдени со овој Правилник или со друг акт на Универзитетот.

*Комисија за самоевалуација*

**Член 18**

Составот, изборот и надлежноста на Комисијата за самоевалуација на Универзитетот и единиците е уредена со Законот за високо образование и Статутот на Универзитетот.

При спроведувањето на постапката за самоевалуација, Универзитетот и единиците се раководат од стандардите и индикаторите за квалитет на високото образование утврдени во Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, во согласност со Водичот (насоките) кои се применуваат од Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA).

*Стручни, административни и технички работи*

**Член 19**

Стручните, административните и техничките работи поврзани со работата на Центарот за квалитет, ќе ги врши Стручната и административна служба на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

***Совет за квалитет на единиците***

**Член 20**

Во рамките на единиците на Универзитетот се формира Совет за квалитет на единицата (во понатамошниот текст: Совет на единицата).

Советот за единицата е составен од пет члена, три наставници на единицата, еден студент и еден претставник на стопанството.

Членовите на Советот на единицата ги именува и разрешува Деканот односно Директорот на единицата, освен членот од редот на студентите кого го именува и разрешува Факултетското студентско собрание.

Членот на Советот од редот на студентите од научните институти го именува и разрешува директорот на институтот.

За член на Советот од редот на наставниците може да биде именуван наставник на единицата кој има претходно искуство во спроведување на самоевалуација, евалуација или акредитација во земјата или странство.

Мандатот на членовите на Советот трае три години со право на повторен избор, освен за членот избран од редот на студентите, на кого мандатот му трае две години.

Членовите на Советот избираат претседател на Советот од редот на наставниците со мандат од три години со право на повторен избор

За работата на претседателот и членовите на Советот на единицата им следува соодветен надоместок, согласно со актите на единицата ако единицата има обезбедено средства за таа намена.

Одредбите од член 17 соодветно се применуваат и за надлежноста на Советот на единицата.

*Годишен акциски план*

**Член 21**

Врз основа на Извештајот за резултатите од самоевалуацијата на единицата кој содржи оцена на состојбата и предлози за надминување на констатираните негативни појави во остварувањето на дејноста на единицата, Советот за квалитет на единицата предлага Годишен акциски план со конкретни мерки за отстранување на слабостите и унапредување на квалитетот на дејноста до Наставно – научниот односно научниот совет на единицата.

Советот за квалитет на единицата го доставува Годишниот акциски план во роковите утврдени од Советот за квалитет на Универзитетот.

Годишниот акциски план го усвојува Наставно – научниот односно научниот совет на единиците.

**Член 22**

Врз основа на Годишниот акциски план деканот, односно директорот, во координација со претседателот на Советот, подготвува Годишен извештај за реализацијата на акцискиот план и го доставува до Наставно – научниот односно научниот совет на единицата во роковите утврдени од Советот за квалитет на Универзитетот.

За Годишните акциски планови на единиците и годишните извештаи за реализација на акцискиот план мислење дава Советот за квалитет на Универзитетот.

## III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 23**

Центарот за квалитет, Советот за квалитет и советите за квалитет на единиците ќе се формираат во рок од 30 дена од стапувањето во сила на овој Правилник.

**Член 24**

Толкување на одредбите на овој Правилник дава Сенатот на Универзитетот.

**Член 25**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетски гласник.

**Претседател на Универзитетскиот сенат**

**Проф. д-р Сашо Еленчевски**